Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# ЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

# КАКО И КОГА ДА ГО ЗАПИШЕМЕ НОВОРОДЕНЧЕТО ВО УПРАВАТА ЗА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ?

Новороденчето се запишува во матичната книга на родените во рок од 30 дена од денот на раѓање.

Доколку детето е родено во брак, при уписот, потребно е да се достави следната документација:

- Копија од лична карта (пасош) од родителите и оригинал за проверка
- Извод од матична книга на венчани од родителите
- Барање за издавање на извод од матична книга на родени за новороденче
- 100 ден. административна такса
- Уплата од 50 ден. на жиро-сметката на Управата за водење на матичните книги

Доколку детето е родено во вонбрачна заедница, потребно е да се достави следната документација:

- Копија од лична карта (пасош) од родителите и оригинал за проверка
- Извод од матична книга на родени од родителите (задолжително присувство на двајцата родители)
- Барање за издавање на извод од матична книга на родени за новороденче
- 100 ден. административна такса
- Уплата од 50 ден. на жиро-сметката на Управата за водење на матичните книги

## МОЕТО ДЕТЕ Е РОДЕНО ВО СТРАНСТВО, И НИЕ СИТЕ ЖИВЕЕМЕ ВО СТРАНСТВО, НО И ДВАЈЦАТА РОДИТЕЛИ ИМАМЕ МАКЕДОНСКО ДРЖАВЈАНСТВО. МОЖЕМЕ ЛИ ДА ГО ЗАПИШЕМЕ ДЕТЕТО ВО УПРАВАТА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИ КНИГИ ЗА РОДЕНИ?

Пријавувањето можете да го извршите во најблиската Амбасада или конзуларно претставништво на Република Северна Македонија до вас.

Потребно е да поднесете Барање за упис, потпишано од двајцата родители. Доколку само еден од родителите е македонски државјанин, неопходна е согласност од другиот родител.

Заедно со барањето, треба да доставите извод од матичната книга на родените за детето, со апостил печат, во оригинал (апостилот е потребен доколку државата каде што е родено е потписничка на Хашката конвенција), преведен на македонски јазик и извод од матична книга на венчаните за родителите на детето.

## ШТО МИ Е ПОТРЕБНО ЗА ДА ИЗВАДАМ ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИ НА МОЕТО ДЕТЕ?

Бидејќи изводот на вашето дете ги содржи вашите лични податоци, доволно е:

Да се идентификувате со ваша лична карта, да поднесете барање за извод и да ја платите административната такса.

## НЕМАМЕ ДОВОЛНО ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ДАЛИ ПОСТОИ ОДРЕДЕНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ДЕЦА?

Законот за заштита на децата, нуди неколку опции за помош на децата:

### Детски додаток

Правото на детски додаток следува на дете до 18 годишна возраст, кое живее во семејство кое нема средства од кои може да се издржува, односно семејство кое користи право на гарантирана минимална помош.

Приходот на членовите на домаќинството се во висина до прагот за пристап на правото на детски додаток, кој е поставен на 6.000 денари, а кој се зголемува за секој член на домаќинството за коефициент од еквивалентната скала.

Висината на износот кој се исплатува зависи од бројот и возраста на децата во семејството (на пример, за едно дете на училишна возраст се исплаќа 1.000,00 ден; за едно дете кое не е на училишна возраст 1.200,00

ден; за две и повеќе деца кои не се сите на училишна возраст 1.600,00 ден).

## Додаток за образование

Додатокот за образование се доделува на домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование во училиштата во РСМ, кое присуствува на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови и не користело додаток за образование за истата учебна година.

Правото може да го користи домаќинство со дете кое е на редовно школување во основно или средно образование, кое остварило право на гарантирана минимална помош согласно Законот за социјална заштита, како и старател на дете без родители и родителска грижа кое не е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита.

Приходот на членови во домаќинството да биде до 6.000 денари, зголемен за секој член на домаќинство-





то според соодветен коефициент од еквивалентната скала, ограничено најмногу до осум члена во домаќинството. Еквивалентната скала се зголемува дополнително за самохран родител.

Износот на овој додаток е 700 денари месечно за ученик во основно образование, 1000 денари месечно за ученик во средно образование во текот на учебната година, соодветно усогласен според трошоци на живот. Исплатата на додатокот за образование се врши во 4 мерни периоди: декември, февруари, мај и јули.

## Еднократна парична помош за новороденче

Еднократната помош е наменета за **семејство за прво и второ живо новородено дете по ред на раѓање на мајката, или посвоени деца на возраст до 1 година**, а го остварува еден од родителите кој мора да е државјанин со постојано место на живеење од најмалку 12 месеци непрекинато до денот на раѓањето на детето.

За прво новороденче се доделува помош во износ од 5.000,00 ден, а за второ новороденче, 20.000,00 денари.

## Родителски додаток за дете

Родителски додаток за дете се доделува на мајка која е државјанин со постојано место на живеење во РСМ последните три години пред раѓањето на детето, а се доделува за трето живородено дете.

За да може да го искористи овој додаток, вкупниот просечен приход на семејството на мајката по сите основи да е понизок од висината на минималната нето плата утврдена за претходната година.

По исклучок правото го остварува таткото или старателот на детето доколку мајката не е жива, го напуштила детето, или од оправдани причини (здравствена состојба, одземена деловна состојба и сл.) е спречена непосредно да се грижи за детето.

Износот на додатокот е 8.048 денари соодветно усогласен според трошоци на живот, и се исплаќа во период од 10 години.



## ИМАМ ДЕТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ, ДАЛИ НЕМУ МУ СЛЕДУВА НЕКАКВА ПОМОШ?

Посебен додаток се доделува на семејство во кое има дете со пречки во телесниот или интелектуалниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот, доколку не е сместено во установа за вон-семејна социјална заштита или друга установа со решение на ЦСР.



Овој додаток се доделува на сите семејства, без оглед на имотната состојба, за дете кое има:

- ✔ тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој,
- ✔ умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост,
- ✔ најтешки облици на хронични заболувања,
- ✔ најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (меѓу кои и лице со аутизам и лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор),
- ✔ Даунов синдром и повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот.

Износот на овој надомест е 5.021,00 денари. Доколку станува збор за самохран родител, износот е 7,531,00 денари, а за материјално необезбедени родители, корисници на гарантирана минимална помош, овој надомест изнесува 6.276,00 денари.

# ДАЛИ МОЕТО СЕМЕЈСТВО МОЖЕ ДА ОСТВАРИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗАРАДИ НИСКИ ПРИХОДИ?

## Право на гарантирана минимална помош - ГМП

ГМП е парична помош која ја обезбедува државата за материјално необезбедено лице или домаќинство, изложено на социјален ризик, констатиран врз основа на непосреден увид и документација од центарот за социјална работа (ЦСР).

**Следува на семејства кои немаат имот и имотни права од кои можат да се издржуваат, или доколку за имотот кој го поседуваат имаат склучено договор за доживотна издршка со ЦСР.**

Износот на ГМП започнува од 4.000,00 денари и се зголемува за секој нареден член во семејството. Дополнително на ова, семејството добива одредени субвенции за електрична енергија, и можност за остварување на правата за заштита на децата.

**За остварување и задржување на ова право, корисникот е должен да ги презема следниве активности:**

- ✔ да се пријавува редовно во агенцијата за вработување како невработено лице (обврска која важи за секое друго полнолетно лице во домаќинството кое е невработено) во спротивно ГМП може да биде прекината
- ✔ да не одбива неоправдано работно ангажирање
- ✔ да соработува со надлежниот центар за социјална работа

## КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | **071 205 324** |
| Битола | **071 223 392** |
| Македонски Брод | **071 223 075; 078 640 786** |
| Виница | **071 213 964** |
| Валандово | **071 213 925** |
| Гевгелија | **071 224 678; 071 216 267** |
| Гостивар | **071 223 180** |
| Дебар | **071 223 768** |
| Делчево | **071 283 948** |
| Демир Хисар | **075 766 695** |
| Кавадарци | **075 659 855** |
| Кичево | **071 224 652** |
| Кочани | **071 221 580** |
| Кратово | |
| Крива Паланка | **071 224 580** |
| Крушево | **071 227 808** |
| Куманово | **071 227 962** |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | **071 223 191** |
| Охрид | **071 221 908** |
| Прилеп | **076 232 886** |
| Пробиштип | **078 330 434** |
| Радовиш | **070 261 310** |
| Ресен | **071 221 246** |
| Свети Николе | **071 227 862** |
| Струга | **071 223 015** |
| Струмица | **071 224 526** |
| Тетово | **071 227 893** |
| Велес | |
| Штип | **071 221 484; 070 821 089** |
| Карпош | **071221381** |
| Центар | **078 442 006** |
| Кисела Вода | **071 224 104** |
| Гази Баба | **071 213 798** |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда